# Упатство за начинот на пријавување

1. Пријавата за сместување на студенти во студентски домови за учебната 2008/2009 година е поделена на 6 дела и тоа:
    **1.1 Податоци на студентот;**
    **1.2 Студентски дом;**
    **1.3 Податоци за редовност и успех во студирањето;**
    **1.4 Семејна положба на студентот;**
    **1.5 Материјална положба на студентот и**
    **1.6 Потврда.**

    Во првиот дел се внесуваат Вашите лични податоци.
    Вториот дел се однесува на студентскиот дом за кој се пријавувате, како и видот на пријавата: единечно легло или брачна соба. Доколку изберете единечно легло полето во кое се внесува матичниот број на партнерот треба да биде празно, а ако изберете брачна соба потребно е да се внесе матичниот број на партнерот со кој ќе бидете сместени во домот.
    Во третиот дел го избирате факултетот на кој студирате, студиската година, вкупниот број на семестри, просечната оценка остварена во текот на Вашето студирање, како и бројот на положени, неположени, предвидени испити и бројот на повторени години. При пополнувањето на овој дел Ве молиме внимателно да ги прочитате условите и критериумите за пријавување регулирани со **Правилникот за начинот и постапката за прием на студенти во студентските домови**.
    Четвртиот дел на пријавата се однесува на вашата семејна положба, односно се внесува вкупниот број на членови во семејството како и **бројот на студенти/ученици кои студираат или учат надвор од местото на живеење**.
    Петиот дел се однесува на материјалната положба на членовите од Вашето потесно семејство.
    Во последниот дел треба да ги потврдите сите дозволени опции, со цел вашата пријава да биде валидна, во спротивно пријавата нема да се рангира.
2. Сите полиња од пријавата кои бараат внесување текст користат транслитерација, односно каков вид на тастатура да се користи, а при внесувањето се појавува кирилично писмо на екранот во соодветните полиња.
3. Ве молиме пред да ја пратите пријавата проверете ги внесените податоци, а за точноста на податоците одговорноста е ваша. Доставените податоците ќе бидат проверени од соодветните служби на Министерството за образование и наука.

**Ви посакуваме успешно пријавување!**